РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Основен Суд Струмица
03 – Су. 83/26-1
17.06.2026 година
Струмица

ДО

м-р Васко Маглешов

новинар во БИРН

Почитуван,

Во врска со Вашето барање за информации доставено за потребите на новинарско истражување, а кое се однесува на предметот К.бр.230/23 на Основниот суд Струмица, Ве известуваме за следното:

1. По повод поплаката на Христина Мучева дека ѝ бил вратен мобилен телефон кој не кореспондира со оној што бил одземен при претресот кај осудениот Панче Илиев, извршен е увид во списите на предметот и документацијата поврзана со извршувањето на правосилното решение. Притоа не се утврдени неправилности, ниту постојат податоци што упатуваат на отстапување од содржината на правосилното решение или од евиденцијата што се наоѓа во списите на предметот.

Постапувајќи по Решението К.бр.230/23 од 20.03.2025 година, кое станало правосилно на 01.04.2025 година, на ден 28.04.2025 година на Христина Мучева од Струмица ѝ биле предадени двата мобилни телефона одземени со Потврда на МВР – СВР Струмица бр. 37 од 23.01.2023 година. Наведените предмети биле составен дел од списите на предметот и се поединечно наведени во диспозитивот на решението. При предавањето, примателот со свој потпис го потврдил приемот на предметите.

2. Претседателот на Основниот суд Струмица, по извршениот увид во списите на предметот и расположливата документација, не утврди околности што би наложиле преземање дополнителни дејствија за расчистување на наводите изнесени во поплаката. Постапувано е исклучиво врз основа на правосилната судска одлука и податоците содржани во предметот.
3. Не постојат податоци, службени забелешки или други околности што би укажувале на неправилност или незаконитост при извршувањето на правосилната судска одлука и предавањето на мобилните телефони. Од тие причини не било побарано изјаснување од судскиот службеник Веско Атанас во врска со наводите изнесени од Мучева.
4. Основното јавно обвинителство Струмица не е известено во врска со наводите изнесени од Христина Мучева. Тоа од причина што при увидот во предметот не се констатирани околности поврзани со извршувањето на правосилната судска одлука кои би наложиле службено известување на обвинителството.

Со почит,

Претседател на Основен суд Струмица

Татјана Малинова

Струмица, 17.06.2026

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА
III